Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), член 62, став 1, точка 13 од Статутот на Факултетот за ветеринарана медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година) и Предлог-одлуката на Деканатската управа бр. 0201-628/2 од 20.5.2021 година, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 14.9.2021 година, го донесе следниов

**П Р А В И Л Н И К**
**за стратегиско управување со отпадот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат стратегиските цели на управувањето со отпадот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот), со цел заштита на здравјето на луѓето, животните и животната средина преку безбедно сортирање, ракување и отстранување на отпадот.

**Член 2**

Овој Правилник е рамковен документ во кој се дефинира долгорочната политика на Факултетот за управување со отпадот и претставува основа за подготвување и спроведување на Стандардни оперативни процедури (СОП) и Работни упатства (РУ) во сите лаборатории каде што се создава отпад.

**Член 3**

Правилникот се применува во рамките на Факултетот, во согласност со одредбите на законските и подзаконските акти и Националната стратегија за управување со отпадот.

**Член 4**

За правилна примена на Правилникот, секој во рамките на своите надлежности, одговорни се:

- деканот;
- раководителите на институтите;
- раководителот на Универзитетската ветеринарна болница;
- раководителите на лабораториите.

**Член 5**

Главната цел е да се обезбеди безбеден начин за управување со отпадот кој не ја загрозува животната средина, а со цел заштита на корисниците на услуги, вработените кои работат во Факултетот, како и вработените во службите за отстранување на отпадот и животната средина.

**Член 6**

Стратегиски цели на Факултетот се:

- намалување на количеството на создаден отпад;
- селектирање и идентификација на отпадот;
- намалување на опасноста на отпадот;
- безбедно отстранување на отпадот.

**Член 7**

Отпад е секоја материја или предмет што создавачот или поседувачот ја/го отфрла или има намера да ја/го отфрли или од него се бара да ја/го отфрли. Во лабораториите на Факултетот секојдневно се создава отпад кој може да се подели на повеќе видови: органски (медицински) отпад, хемиски отпад и нештетен отпад.

Органски (медицински) отпад е отпад кој се создава во лабораториите и одделите и кој настанува како производ на употреба на средства и материјали при дијагностицирањето, лекувањето, третманот и превенцијата на болести кај животните. Се дели на: патолошки отпад, инфективен отпад и отпад од остри предмети.

Патолошки отпад е отпад кој содржи отфрлени делови од тело и ткива земени за дијагностички потреби.

Инфективен отпад е отпад кој содржи патогени биолошки агенси (кои поради својот тип, концентрација или број можат да предизвикаат болест кај луѓето и

животните што се изложени), култури и употребен прибор од микробиолошки лаборатории.

Отпад од остри предмети е отпад што содржи игли, ланцети, скалпели и останати предмети кои можат да направат убод или исеченици, односно чие собирање и отстранување е предмет на специјални барања поради заштита од инфекции. Отпадот од острите предмети, контаминирани или не, треба да се смета како подгрупа на инфективниот отпад.

Хемиски отпад е отпад што се состои од и/или содржи отфрлени цврсти, течни или гасовити хемикалии кои се употребуваат при медицински, дијагностички, аналитички или експериментални постапки, чистење и дезинфекција.

Нештетен отпад е отпад кој не е вклучен во горенаведените видови отпад.

**Член 8**

За сите отпадни материи и материјали кои се создаваат во лабораториите и болницата на Факултетот треба да се води посебен документ со податоци за видот на отпадот, количеството кое се произведува, лабораторијата која го произведува и начинот на отстранување.

**Член 9**

Во текот на секојдневното работење во Факултетот се создава и комунален отпад, кој се отстранува од страна на јавното комунално претпријатие.

**Член 10**

Управување со отпадот е спроведување на пропишаните мерки за управување со отпадот при негово собирање, транспорт, складирање, третман и отстранување, вклучително и надзор над овие активности и грижа за капацитетите за управување со отпад.

Управувањето со отпад се врши на начин што обезбедува најмал ризик од загрозување на здравјето и животот на луѓето и животната средина со мерки за контрола и намалување на: загадувањето на водата, воздухот и почвата; опасностите по флората и фауната; опасноста од несреќа, пожар или експлозија; негативните влијанија врз пределите и природните добра со посебни вредности на нивоа на бучава и непријатни мириси.

За ракување со отпадот е одговорен персоналот кој работи на Факултетот, во лабораторијата, односно Универзитетската ветеринарна болница каде што се создава отпадот.

Персоналот треба да биде запознаен со секоја постапка за отстранување на отпад, за која одговара пред раководителот на лабораторијата, односно Универзитетската ветеринарна болница.

Раководителот на лабораторијата и раководителот на Универзитетската ветеринарна болница е должен за секој СОП да провери дали во него се опишани посебните барања и постапките со отпадот и дали тие се применуваат.

За правилно постапување со отпадот се подготвуваат и РУ за чистење, безбедност и биосигурност во лабораториите.

**Член 11**

Секој СОП за анализа на примероци треба да биде така дизајниран за количеството на создаден отпад да биде што помало, а постапката за негово отстранување да не влијае врз анализата на примероците.

**Член 12**

Постапувањето со отпадот опфаќа активности поврзани со неговата селекција на местото на создавање, собирање, складирање, третман, преработка, транспорт и отстранување на отпадот.

**Член 13**

Отпадот се селектира, се идентификува и се собира по видови на местото на неговото создавање во пакување приспособено на неговите својства, количини, начинот на складирање, транспортирање и отстранување.

Не е дозволено мешање на опасен отпад со неопасен отпад.

На сите работни места каде што се создава отпадот на дофат во секое време

треба да има на располагање потрошни материјали потребни за селектирање, идентификација и собирање на отпадот, и тоа:

- дебели кеси за отпад со жолта боја;
- дебели кеси за отпад со црвена боја;
- дебели кеси за отпад со црна боја;
- еднонасочни пластични стеги;
- налепници за обележување на инфективен отпад;
- налепници за обележување на патолошки отпад;
- налепници за обележување хемиски отпад;
- жолти кутии за отстранување на отпад од остри предмети, со капак и механизам за запечатување;
- пластични контејнери на тркалца или пластични колички за отстранување на отпад.

**Член 14**

Медицинскиот отпад се пакува во пакувања кои се со:

- црвена боја за патолошки (анатомски) отпад;
- жолта боја за останатиот опасен медицински отпад;
- црна или сина боја за комунален или инертен отпад.

Пакувањата на медицинскиот отпад треба да бидат соодветно и безбедно означени со налепница на видливо место.

**Член 15**

На Факултетот, во секоја лабораторија и во Универзитетската ветеринарна болница во која се создава инфективен отпад треба да има назначено место кое мора да биде видно и недвосмислено означено. На ова место мора да има контејнери во кои ќе има кеса со жолта боја во соодветна големина.

Кесите треба да се полнат максимум во волумен од 2/3 од пакувањето, по што се запечатуваат. Запечатувањето на кесите со волумен од 5 l може да се врши со врзување на кесата, додека поголемите кеси мора да се запечатат со еднонасочни пластични стеги.

Вака запечатените кеси се означуваат со налепница на која се запишува датумот и времето на запечатување.

**Член 16**

На Факултетот, во секоја лабораторија и во Универзитетската ветеринарна болница каде што се создава отпад од остри предмети треба да се поседуваат специјални пластични кутии за остар отпад кои се јасно означени. Овие кутии треба да бидат обележани со жолта боја и да можат да се затворат на начин кој би оневозможил истурање на нивната содржина при евентуално превртување. Откако овие садови ќе се наполнат, тие се запечатуваат и се отстрануваат во кеса заедно со инфективниот отпад.

**Член 17**

На Факултетот, во секоја лабораторија и во Универзитетската ветеринарна болница каде што се создава патолошки отпад треба да има назначено место кое мора да биде видно и недвосмислено означено. На ова место мора да има контејнери во кои ќе има кеса со црвена боја во соодветна големина.

Кесите треба да се полнат максимум во волумен од 2/3 од пакувањето, по што се запечатуваат. Запечатувањето на кесите со волумен од 5 l може да се врши со врзување на кесата, додека поголемите кеси мора да се запечатат со еднонасочни пластични стеги.

Вака запечатените кеси се означуваат со налепница на која се запишува датумот на запечатување.

Патолошкиот отпад се собира и се складира посебно од другиот отпад.

**Член 18**

Хемискиот отпад мора да се означува со налепница според својствата кои отпадот го карактеризираат како опасен (за ова мора да се консултира Листата на податоци за безбедноста на производот од конкретниот СОП).

Отпадот треба да се чува исклучиво во стаклени садови или пластични (полиетиленски) кутии. Употребата на

метални садови е забранета поради можната корозија на површината дури и при неутрални pH-вредности. Тие треба да се поставени во дигестор и добро да се затворени. Најдобро е во секоја лабораторија која го создава овој тип на отпад да има контејнери за складирање.

Сите контејнери кои содржат хемиски отпад треба да се соодветно обележани. Обележувањето може да биде со поставување на налепница (обично црвена) на која пишува „ОТПАД", датум на почетно полнење и содржината на отпадот. Во случај да нема налепница, тоа може читко да се напише со фломастер. Различните хемикалии складирани во контејнерот мора да бидат компатибилни.

**Член 19**

Запечатените и означени пакувања со отпад се пренесуваат до централното собирно место, еднаш или повеќе пати во текот на работниот ден од страна на задолжено лице.

Транспортот се врши со помош на контејнери на тркалца или колички кои не се користат во други цели, а се направени од непропустливи материјали, лесно се товараат и растовараат, немаат остри рабови кои би можеле да ги оштетат пакувањата и лесно се чистат и дезинфицираат.

При транспортот треба да се внимава сите налепници да бидат непроменети и неоштетени по транспортирањето.

Движењето мора да биде по најбрзата можна патека на движење и да се практикува да се изведува во време кога нема други активности во институтот.

**Член 20**

Отпадот се складира во централно собирно место за отпад, до моментот на отстранувањето.

Отпадот се отстранува од централното собирно место од страна на договорно овластено лице.

**Член 21**

Нештетниот лабораториски отпад (цврсти хемикалии, течни и цврсти медиуми и нивни составни делови, потрошни материјали за еднократна употреба, стакларија исфрлена – исклучена од употреба, кои не се контаминирани и кои не се штетни ниту по здравјето на луѓето, ниту за околината) може слободно да се отстрани во црни кеси и да се измеша со комуналниот отпад.

**Член 22**

Лабораторискиот отпад од органски и неоргански раствори на хемикалии и подлоги, под одредени услови, може да се исфрли и преку санитарниот одвод.

Ако отпадот се состои од кисели или базни раствори, тие треба да се неутрализираат. При кисела неутрализација, растворите се неутрализираат со воден раствор на база (на пр., натриум карбонат, калциум хидроксид или натриум хидроксид). При базна неутрализација, растворите се неутрализираат со 1М раствор на хлороводородна киселина.

Во санитарниот одвод не се испуштаат супстанции кои вријат на температура под 50°C, експлозивни и запаливи материјали, халогенирани и нитросоединенија, водено реактивни и токсични, како и водено растворливи полимери.

**Член 23**

За отстранување на штетниот хемиски отпад, Факултетот склучува договор со специјализирана компанија за негово отстранување од централното собирно место.

**Член 24**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Декан**
**Проф. д-р Лазо Пендовски, с.р.**